Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА**
**одржана на 20 април 2012 година во Дојран**

**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***

***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***Одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**.......................................................................................................7

**Проф. д-р Благоја Маркоски**

Дојранска Котлина.......................................................................................9

**Проф. д-р Марија Ацковска, Доц. д-р Неда Петровска**

Потенцијани извори на финансирање на туризмот во Дојранскиот регион...15

Проф. д-р **Гордана Панова**

Лековитоста на Дојранското Езеро...........................................................21

**Проф. д-р Ристе Темјановски**

Подобрување на патната инфраструктира во регионот на Дојранското Езеро за поттикнување на поинтензивен туристички развој..........................................27

**Доц. д-р Рубин Земон**

Популаризација на антрополшките вредности на Дојранскиот регион како можност за развој на туризмот......................................................................39

**Доц. д-р Виолета Мацова**

Средствата на ИПАРД во функција на поттикнување на туризмот во Дојран.......................................................................................................53

**Доц. д-р Маргарита Матлиевска**

Осврт на проектот „Спас на Дојранското Езеро“............................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран.........................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран.........................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро..........................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот..............................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион...............................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран..........................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион.........................................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран..........155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)..........161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион..........171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран..........185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран..........191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран..........197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-р Ванѓа Димитриева – Кузамноска**

Секојдневното користење на традиционалните носии во угостителските објекти како една развојна точка за усовршување на туризмот во Дојранскиот регион.......................................................................................................................219

**М-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, М-р Зоран Темелков, М-р Костадинка Чабулева**

ИПА Фондови: Можности и перспективи за развој на туризмот во Дојранскиот регион.......................................................................................................................225

**Бранко Бизоев**

Дестинациската менаџмент компанија како можност за поголема афирмација на културните и гастрономски вредности на Дојранскиот регион.......................................................................................................................233

**Тихомир Ручкоманов**

Дојранска бартер берза.......................................................................................245

**Петранка Чалков**

Рибарството и аквакултурата во Дојранскиот регион......................................253

**Ефтимова Елизабета, Дукова Маја**

Алтернативни форми на туризмот во Дојранскиот регион.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** ………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**М-р Ленче НАСЕВ**[73]

# КУЛТУРНИТЕ И МУЗИЧКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ КАКО ЗНАЧАЕН ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОТ ДОЈРАН

**Апстракт**

Во текот на последните години се забележува раст на културните и музичките манифестации во Р. Македонија. Дојран е град со големо значење за развојот на туризмот. Во овој труд е направен преглед на содржината на најважните културни и музички манифестации кои претставуваат производ на организаторот, односно се дел од туристичката понуда на овој град .

*Клучни зборови:* традиција, посетители, маркетинг

## 1. Вовед

Манифестациите во зависност од содржината имаат уметнички, забавен, образовен, културен и етнографски карактер. Во зависност од местото на одржување како и значењето, тие можат да бидат локални, зонски, национални и интернационални. Манифестациите може да бидат повторени во одредени временски растојанија - секоја година, биенално, триенално. Временски најчесто се одржуваат од еден до седум дена. Тие претставуваат туристичка понуда која според програмата на туристичките организации или самоиницијативно, ги истакнува атрактивните туристички вредности на местото на одржување на манифестацијата (Bjeljac, 1998).

Во современата туристичка понуда манифестацискиот туризам претставува вид кој може да допринесе кон зголемување на побарувачката. За манифестацијата да биде поуспешна како туристички производ, потребно е да се издвојат основните елементи кои го подобруваат производот. Тоа се: атрактивност и специфичност; содржина, ранг, традиционалност; квалитет на организирање и квантитет на посетители; локација на организирање и поврзаност со природните и антропогените туристички вредности кои ја чинат дестинацијата; време и траење на манифестацијата. Односно, колку повеќе програмата на манифестацијата е содржајна, заснована на специфичности, добро испланирана, со квалитетни учесници, доколку е

[73] асистент м-р Ленче Насев, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за музичка уметност, „Крсте Мисирков“ б.б., lence.nasev@ugd.edu.mk

организирана на атрактивна локација и во време погодно за поголема посетеност, вредноста на манифестацијата како туристичка производ ќе биде поголема. Задоволството на посетителите од манифестацијата во текот на која тие се забавувале, почувствувале возбуда, се дружеле, се запознале со нови содржини и др., воедно ќе претставува и искуство кое ќе влијае врз повторното доаѓање.

Манифестациите, како вид на туризам позитивно влијаат на: изградба на нови и реновирање на стари објекти во туристичката инфраструктура; унапредување на работата и структурата на хотелско-угостителските капацитети; зголемување на бројот на организации и служби кои се занимаваат со туризам; развој на туристичките движења во просторот на одржувања. Наведените позитивни ефекти имаат за цел да ги задоволат посетителите, да се зголеми туристичкиот промет и да се подобри имиџот на регионот во кој манифестацијата се одржува, како дел од туристичката дестинација. Исто така постојат и негативни ефекти: неискористеност на сместувачките капацитети и објекти изградени за потребите на манифестацијата (после манифестацијата); непостоење и неактивност на туристички организации, туроператори и туристички служби, сообраќаен колапс; непредвидени финансиски губитоци за организаторите. Наведените негативни ефекти како краен резултат имаат незадоволство кај посетителите и нарушување на местото на одржување како туристичка дестинација.

Манифестациите кои се организираат како дел од туристичката пропаганда, односно елементите на манифестацијата кои можат да се користат како средства на туристичка пропаганда и маркетинг, имаат пресудно значење во маркетингот и туристичката пропаганда на целата дестинација.

## 2. Културните и музичките манифестации во градот Дојран

Градот Дојран претставува значаен туристички центар во јужниот дел од Р. Македонија. Населен покрај бреговите на Дојранското Езеро овој град изобилува со богата историја и култура.

Денес меѓу бројните настани кои се организираат во градот Дојран можеме да издвоиме две значајни културни манифестации: ***Дојрански ракувања*** -„Светлините на Полин“ и ***Дојранска автентика***.

Во овој дел од труд ќе ги претставиме содржинините кои се исполнувале во последните три години (2009-2011 г.) во рамките културните настани и манифестациите, како една од најзначајните понуди за развој на туризмот во оваа општина.

Културната манифестација ***Дојрански ракувања*** -„Светлините на Полин“ за прв пат започнала да се организира во 1976 година. На

почетокот во првите години на оваа манифестација биле презентирани (читани) литературни творби од македонските писатели. Исто така во нејзини рамки се одржувале и симпозиуми за ликот и делото на македонските преродбеници и културни дејци. Со изградбата на туристичко-угостителските објекти, кампови, викенд куќи, бројот на туристите во Дојран постепено се зголемувал. Од таа причина структурата на манифестацијата започнала да го менува својот лик со постепено вклучување на нови содржини. Во рамките на оваа манифестација започнале да се прикажуваат театарски претстави, да настапуваат бројни музички ансамбли меѓу кои и македонската филхармонија, културно - уметнички друштва, камерни состави. Исто така како содржина биле вклучени и таканаречените „Денови на Македонскиот филм“.

Оваа културна манифестација се организира во летниот временски период. На отворената сцена “Под јаворите,“ црквата „Св. Илија“ и на самиот брег на Дојранското езеро се прикажуваат бројни културни и музички настани, не само од Македонија туку и од соседните држави.

Во 2009 година од 31 јули до 20 август во рамките 33 -те по ред ***Дојрански ракувања*** на програма се прикажани следниве содржини: СЦЕНСКИ КОЛАЖ според мотиви од македонски автори со настап на актери, писатели и КУД „Русалии“ - Секирник; Песни од Валандово фест; Поетска вечер на современи поети од Југоисточниот регион; Настап на КУД ,,Распеани Гевгеличани,, со ЗГ ,,СЕЖАМ,, со музичка група Вардарец; Настап на Распеани валандовчани и КУД ,,Младост,, Јосифово; Настап на Ансамбл ,,Тримери,, од Струмица; Музичка вечер со СОУ ,,Богданци,, од Богданци; Театарска претстава Еврипид ,, ФЕНИЧАНКИ,, режија Стојан Стојановски во изведба на НУЦК ,, Антон Панов,, Струмица; КУД ,, Гоце Делчев,, Босилово; Филмска вечер: ФИЛМОВИ ЗА ДОЈРАН од Кинотеката на Македонија; филмска вечер: проекции на кратки и документарни филмови од АСТЕРФЕСТ; Концерт на Скопски дувачки квинтет.

Културната манифестација ***Дојрански ракувања*** се јавува како дел од содржините за програмата **ЛЕТО 2009** (од 11 јули до 23 август). Во програмата на **ЛЕТО 2009** се реализирани следнаве содржини: **Меѓународна танц-забава со познати ди-џеи од Италија, Грција и Македонија:** Davide Manali - (Supra-music, Ambasada G avioli, Earresistible musish, Next music-shop) Italy, Hyper Tech (D2/Kanal103, Macedonia), Darko Stepic (D2/JR United/kanal 103, Macedonia), Flooder (Pollux, Macedonia), Ison (Non Collective/International Deejay Gigolos/Bloop, Greece), Andrej Micajkov (Antenna 5, Macedonia); **Dojran**

**International Jazz festival:** Osmiza (Francesko Bigoni, Danilo Gallo, Aljośa Jeric), Kombo Zlatka Kaućića (Jośt Draśler-bas, Marko Lasić, Vid Draśler, Anźe Kristanp, Gal Furlan, Marek Fakuć, Andrej Franćeski, Vitja Balźarsky, Jan Jarni, Peter Śavli, Zlatko Kaućić, leader), Eva Serśen quartet Balźalorsky/Draśler trio Radical improvisation duo (Marko Karlovćec-alto sax, kitara, Jaka Berger-bobni); **Perkaksns Afro bubni (Slovenia)** Работилница за млади кои свират на тапани; **Skopje ladies orcestra; Горан Димовски** – Вокал со придружба на пијано; PARTY: Paolo Barbato (Italy), Exo Beltram (Slovenia), Mirko Popov (Macedonia); **Балканска фолк вечер** (етно забава); Поетска вечер на тема: **Дојран од современи македонски писатели; Турска културна вечер;**

Во 2010 година од 17 јули до 21 август во рамките на манифестацијата централно место завземаат следниве содржини: Настап на Групата „Распеани Дојранчани“; Музичка вечер: Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Театарска претстава „КРАЈОТ НА КРАЛОТ“, текст Васил Манчев, во режија на Горан Тренчовски; Проекција на филмот „Духот на татко ми“; Монодрамата „Велика“, во изведба на Зора Ѓоргиева, во режија на Кире Ѓоргиев; Вечер на староградски песни во изведба на Пеачки групи од Дојран, Богданци, Валандово и Гевгелија; Промоција на ЦД на Скопски дувачки квинтет и настап на Скопски дувачки квинтет; театарска претстава „Малограѓанска свадба“, режија Кире Ѓоргиев; Поетска вечер: Песни за Дојран и Дојранското Езеро; Настап на Пламенка Трајковска - Класичен концерт на Дуо ТАЛИЈА виолина и пијано; КУД Босилово; Психолошка гротесна драма „БЛЕДИЦА“, текст Васил Манчев, во режија на Ќире Ѓоргиев во изведба на Културен дом „Јане Сандански“ од Ново Село, Настап на пеачка група „Распеани Дојранчани“ со Театарско аматерско друштво при КУД „Ѓорги Абаџиев“ од Дојран, гостин на вечерта Зоран Џорлев на виолина; Градски мешан хор ГОРТИНИЈА од Гевгелија; „МАКЕ ДОКС“ Интернационален фестивал за креативни документарни филмови; Карневалска вечер.

Од 21 јули до 26 август 2011 година на 35-те ***Дојрански ракувања*** се реализираат предвидените содржините: Чествување - Денови на АЛЕКСАНДАР ТРЕТИ МАКЕДОНСКИ ТАУРИЈАНА; Драмско атеље - Димитар Влахов - Струмица; „Сонот на госпоѓа министерка“ од Бранислав Нушиќ, во режија на Кире Ѓорѓиев; Настап на гости од Тројан - Република Бугарија - фолклорна група „Христо Ботев“ - фолклорен солист Љупка Рондова; Промоција на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ; Вечер на староградски песни во изведба на групата „Распеани Дојранчани“ при

КУД „Ѓорги Абаџиев“, гости: пеачки групи од Струмица, Валандово и Гевгелија; Настап на културно-уметничко друштво од Кустендил, Република Бугарија; Настап на Скопски дувачки квинтет: камерен состав кој изведува дела од класичната музика од светската ризница како и од македонски автори; фолклорни солисти, поезија, драмска секција при КУД Ѓорги Абаџиев“, гости: пеачка група од Гевгелија; Драмско студио „Јане Сандански“- Струмица, „Окупација на салонот шу-шу“ од Томислав Османли, во режија на Кире Ѓорѓиев; Промоција на југоисточниот плански регион; Карневалско дефиле; Театарска претстава „Ни таму-ни ваму“ (Иди ми дојди„), комедија од современиот македонски иселенички живот, автор на текст од Бојан Трифуновски, во режија на Симеон Дамевски.

Со цел да се зачува традицијата на родокрајниот идентитет Општина Дојран од 2009 година започна да ја организира манифестацијата ***Дојранска автентика***. Покрај дегустацијата на храна подготвена од Дојранските угостители составен дел од оваа манифестација е и музиката. На тој начин со оваа манифестација преку музиката и начинот на подготвување на храна се промовираат производите што го карактеризираат дојранскиот крај и националната кујна, се зачувува и негува традицијата на родокрајниот идентитет. Оваа манифеставија временски се одржува во септември и е во траење од еден ден. Од 2010 година се воведува натпреварувачкиот дух како новитет на целата манифестација. Факултетот за туризам и бизнис логистика, при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, завзема активно учество во оваа матнифестација со своја стучна комисија во функција на оценување на изложените специјалитети и прогласување на најдобрите.

Покрај овие две културни манифестации за прв пат во август 2011 година е одржана музичката манифестација ***Д Фестивал*** во организација на Пасворд продукција и Антена 5 радио. На фестивалот како учесници настапија: македонската група Суперхикс, Кирил Џајковски и Диџеј Никифор. Една од тенденциите на оваа манифестација е да прерасне во традиција.

## 3. Заклучок

Туристичките културни манифестации претставуваат значаен потенцијал за развојот на туризмот во Дојран. Поврзани со останати туристички содржини на овој простор можат да станат значаен фактор на туристичките движења во Р. Македонија. Културните манифестации во кои се вклучени и јавните музички настапи ја ангажираат и движат севкупната

туристичка економија, туристичките организации и придружните културни, образовни, спортски, научни и други установи и организации со напори да се оргнизираат квалитетни, масовно посетени, културно-уметнички и естетски високо вреднувани манифестации со различни содржини, време и амбиент на одржување со истовремено подигнување на нивниот имиџ, како и и имиџот на севкупното подрачје.

Доколку ја земеме во предвид и транзитната местоположба на градот Дојран  кој се наоѓа покрај македонско - грчката граница, овие туристички културни манифестации претставуваат уште еден мотив за нивно поуспешно организирање со цел да се задржат патниците кои се во транзит на подолг период, поради туристички престој и одмор.

Двете централни културни манифестации ***Дојрански ракувања*** - „Светлините на Полин“ и ***Дојранска автентика*** претставуваат самостојна туристичка вредност за Р. Македонија и во себе подеднакво ги содржат сите форми на уметничко творење. Покрај домашните учесници од културната јавност на овие манифестации забележителни се и странски учесници.

За да се постигне резултат преку кој наведените манифестации ќе претставуваат и водечки вид на туризам потребно е да се избегнат следниве недостатоци: стихијскиот пристап во организирањето, недоволната маркетиншка активност, слабата соработка и неповрзаност на организаторот со останатите фактори на туризмот, појавата на подударање во датумите на организирање на манифестацијата со исти или слични програми и содржини.

## Резиме

Општина Дојран со своите географски карактеристики припаѓа во групата на територии со поволни туристички потенцијали. Организаторот на манифестациите, кои се одржуваат во овој град, преку културните и музичките содржини на туристите им нуди забава, релаксација, општествена интеракција, престиж, задоволување на егото, едукација. На тој начин Дојран креира имџ на привлечна туристичка дестинација во Р. Македонија не само за домашните, туку и за странските посетители.

## Литература:

Baum, T.& Hagen, L. (1999). Responses to seasonality: The experiences of peripheral destinations. *International Journal of Tourism Research*, 1 (5): 299 .

Bjeljac, Ž. N. (1998). *Manifestacioni turizam u Vojvodini*. Novi Sad: Prirodno-matematički fakultet - Institut za geografiju, doktorska disertacija.

Бјељац, Ж. (2006). Теоријско методолошке основе манифестационог туризма. *Београд: Географски институт "Јован Цвијић", САНУ, Посебна издања, Књига 67*.

Getz, D. (1997). *Event management and event tourism*. New York: Cognizant Communications Corporation .

www. dojran.info.com

Jovčić, Zh. (1982). Turisticka propaganda. *Turisticka Štamp*a, Beograd.